**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-6481/**

# З А П И С Н И К

**Од 262.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 14.11.2024 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик Претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски**(скајп)**,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска **(скајп),** Ивана Трајковска**(скајп)** и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Виолета Димеска-Одделение за планирање и реализација на буџети во МРТ. |

Седницата започна во 14.03 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 261.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2024-30.09.2024 година.

3. Разгледување на Информација за склучување вонсудска спогодба со Министерството за дигитална трансформација.

4. Разно.

ТОЧКА1:**Разгледување и усвојување на записникот од 261.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 261.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 261.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 261.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно усвоен.

ТОЧКА2:**Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2024-30.09.2024 година.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Виолета Димовска раководител на одделението за планирање и реализација на буџет во МРТ со детално објаснување на целиот материјал од Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за периодот од 01.07.2024-30.09.2024 година.

Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2024-30.09.2024 година без забелешки.

Претседателката на советот по расправата го стави на гласање Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2024-30.09.2024 година.

■**Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2024-30.09.2024 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **10** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**1** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.07.2024-30.09.2024 година е **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА3:**Разгледување на Информација за склучување вонсудска спогодба со Министерството за дигитална трансформација.**
Виолета Димовска раководител на одделението за планирање и реализација на буџет во МРТ по однос на оваа точка ги информираше членовите на Програмскиот совет на МРТ дека Надзорниот одбор на МРТ на своја седница даде согласност на Спогодбата за решавање на граѓански судски спор помеѓу ЈРП МРТ и Министерство за дигитална трансформација.
Самата Спогодба се потпишува од самата причина што со најновата измена на законот е предвидено средствата за финансирање на радиодифузната дејност за работењето и развојот на ЈРП МРТ, ЈП НРД и ААВМУ кои се обезбедуваат преку Буџетот на Министерството за информатичко општетство и администрација да изнесуваат 1% од реализирани даночни приходи утврдени во последната донесена завршна сметка на Буџетот на РСМ од кои 80% се за ЈРП МРТза покривање на трошоци за создавање и емитување на програмите и за техничко-технолошки развој.
Меѓутоа, во врска со цитираното законско решение, Владата и понатаму не го почитуваше истото и во текот на 2023 година наместо законските 1% за финансирање на радиодифузна дејност, (80% за ЈРП МРТ) на ЈРП МРТ повторно и се префрлуваат 0,6%.Со оглед на тоа што Министерството не постапуваше по наведените одредби од Законот со што на МРТ и исплаќаше помалку средства од предвидените, ЈРП МРТ поднесе тужба против Министерството со цел исплата на неисплатените средства за цела 2023 година.

Меѓутоа во текот на постапката која се водеше пред надлежниот суд, а со цел да не се прават дополнителни судски и адвокатски трошоци, двете страни се спогодија да се склучи Вонсудска спогодба за исплата на долгот на име надомест по основ на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги што претставува износ кој фактички го должи Министерството на ЈРП МРТ за периодот од јули до декември 2023 година.

**ТОЧКА4:Разно.**
По однос на оваа точка не се одржа расправа.

Седницата заврши во 15.50 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател